РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-346/3
17-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3093/1 од 04.12.2024 година, оформен по пријава со наводи против државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///,**СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување по однос на пријавените дејствија од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган и донел акт од своја надлежност.

Предметот со број 12-3093/1 од 04.12.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.12.2024 година, до ДКСК е поднесена пријава со наводи против лицето ///, Државен правобранител на Република Северна Македонија, за подрачје ///, по која е оформен предмет број 12-3093/1. Во доставената пријава изнесено е сомневање за злоупотреба на службена положба и овластување и оштетување на буџетот од страна на пријавеното лице преку пропуштање на преземање дејствија кои било должно да ги преземе во рамки на предмети кои му биле распределени во работа заведени под број /// од /// година, /// и ///.
Предметната пријава била доставена и до Основно јавно обвинителство /// и до Министерството за внатрешни работи - ///.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара податоци и информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. По барањето на ДКСК доставени се бараните информации со прилог документација и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Основното јавно обвинителство /// со допис број 12-346/2 од 24.04.2025 година известува дека има постапено по предмет оформен по поднесен предлог за поведување кривична постапка од /// година, со третман на кривична пријава, од подносителот Државно правобранителство на РСМ против пријавеното лице ///, Државен правобранител на Република Северна Македонија, за подрачје ///.

Основниот јавен обвинител при своето надлежно постапување по предметот, по темелна и сеопфатна анализа на прибраната документација, утврдил дека во дејствијата преземени од страна на пријавеното лице немало ниту умислено постапување ниту пак било преземено било какво дејствие на извршување на делото кое му се става на товар. Следствено на тоа на /// година била донесена негативна јавнообвинителска одлука – Решение со број /// од /// година со кое се отфрла кривичната пријава, бидејќи пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност односно, во дејствијата на пријавеното лице не се содржани законски обележја на пријавеното кривично дело ниту пак на друго кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност.

Во врска со случајот во Основното јавно обвинителство /// биле доставени уште две пријави чија содржина била истоветна со содржината на пријавата врз чија основа во Обвинителството бил оформен предметот, од кои едната доставена на /// година, а другата на /// година, од страна на истиот подносител. Двете пријави биле споени кон предметот по кој на ден /// година била донесена јавнообвинителска одлука за отфрлање на кривичната пријава.

Со оглед на сето погоре наведено, ДКСК оцени нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што по пријавените дејствија е постапено од страна на друг надлежен орган – Основно јавно обвинителство ///, кој при своето надлежно постапување донел акт од своја надлежност.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик-претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Ј.Ц,раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на Сектор
Одобрил м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut